Трговско друштво за промет и услуги
ТРЕНД КОМ ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 0302-39/20
30.10 2020 год.
ШТИП

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-2055/2
02.11 2020 год.
КОЧАНИ

# ДОГОВОР

**Склучен помеѓу :**

1. **Општина Кочани,** со седиште во Кочани, ул.“Раде Кратовче“ бр.1, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев во својство на одговорно лице на Договорниот орган (во понатамошниот текст : ***Купувач***) и

2. ***„Тренд Ком"*** **ДООЕЛ Штип**, со седиште на ул. "Панче Караѓозов" бр.5/13, Штип, со ДБ:4029992115729, ЕМБС:4334302, жиро с-ка: 200000009782733, депонент на Стопанска банка АД Скопје, застапувано од Управителот Ѓорѓи Трендафилов, (во понатамошниот текст : ***Продавач*** ).

***Предмет на договорот***

**Член 1**

Предмет на овој договор е :

**Набавка на компјутерски потрошен материјал**

Предметот на набавка од овој член детално е опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација за спроведување на Набавка од мала вредност со објавување на оглас бр.13582/2020 на ЕСЈН, постапка која се спроведува преку ЕСЈН и завршува со е-Аукција, како последна фаза за доделување на договорот за конкретната јавна набавка, а врз основа на Одлука за јавна набавка од 21.09.2020 год.

***Вредност на Договорот***

**Член 2**

Вкупната договорена вредност што може да се плати во текот на една година за стоките од предметот на набавка, согласно првична/конечна понуда поднесена преку ЕСЈН изнесува **369.347,00 ден. без вклучен ДДВ, или 428.154,50 со ДДВ 5% / 18%.**

Единечните цени по вид и количини на материјалите од предметот на набавка, а со вклучени трошоци за испорака се составен дел на овој договор.

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на Продавачот ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка, освен ако корекцијата оди во надолна линија, односно цените за одредени ставки искажани во листата на цени, составен дел на овој договор се намалат во текот на реализацијата на договорот.

***Начин, услови и рок на плаќање***

**Член 3**

Плаќањето ќе биде во рок од 60 / шеесет / дена, сметано од денот на доставување на фактура со испратница во архивата на Купувачот, за стварно нарачани и испорачани видови на стоки и количини, согласно писмената нарачка од Договорниот орган и единечните цени без ДДВ, составен дел на овој договор.

ДДВ при изготвувањето на фактурата ќе биде изразен посебно .

Средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Кочани за 2020 год., Програма Е0 и А0, ставка 423, подставка 423210.

***Динамика и начин на испорака на стоката/те***

**Член 4**

Продавачот е должен да ги испорача нарачаните количини и видови на ИТ потрошна опрема, согласно спецификацијата, во рок од максимум 1/еден/ ден, (24 часа) сметано од денот на добиена нарачка /писмена, електронска/ од задолженото/овластено лице кај Купувачот, во зависност од потребите на Купувачот, франко-зграда на Општина Кочани.

Дадените количини по вид на стоки во прилогот од техничката спецификација се максимални и Договорниот орган нема обврска да ги нарача сите за времетраење на важењето на договорот.

Испораката на опремата се смета за извршена по потпишувањето на испратницата од задолжено/овластеното лице на Купувачот и овластеното лице на Продавачот.

***Договорна казна за задоцнување или неисполнување на договорот***

**Член 5**

Во случај на доцнење со испораката на ИТ потрошната опрема од страна на Продавачот, Купувачот има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во висина од 1 % /процент/ од вредноста на неиспорачаната стока за секој започнат ден задоцнување, за првите два дена , односно 0,5 % /проценти/ за секој нареден ден задоцнување, но не повеќе од 10 % од вредноста на неиспорачаната стока/и.

Во случај на 2 (две) последователни неиспораки, Купувачот има право по претходно доставено писмено известување до Продавачот по дополнително оставен рок од 1 /еден/ ден, да го раскине Договорот со проста изјава .

Во случај на ст. 3 од овој член, Продавачот е должен да му ја надомести штетата на Купувачот.

Купувачот не може да бара договорна казна поради задоцнување ако го примил исполнувањето на обврската, а без одлагање не му соопштил на Продавачот дека го задржува своето право на договорна казна.

***Квантитативна и квалитативна контрола***

**Член 6**

Квалитативен и квантитативен прием на стоката од член 1 од овој Договор врши Купувачот, со документ (испратница) потпишана од двете договорни страни.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаната количина на опремата .

Продавачот е должен стоката од предметот на набавката да ја испорача со квалитет од производителот наведен во понудата, согласно техничката спецификација и прифатената понуда

За квалитетот и гаранцијата на понудената стока, во поглед на содржината и рокот, важи гаранцијата од производителот, со тоа што Продавачот е должен сета документација за квалитетот и гаранциите на производителот на материјалите, заедно со упатствата за употреба, да ги прибави и да му ги предаде на Купувачот, при испорака на стоката.

**Член 7**

Купувачот може да изврши дополнителна контрола и гаранција на квалитетот со спроведување на дополнителни независни испитувања и контроли за квалитет кај овластена институција.

***Одговорност за недостатоците***

**Член 8**

Продавачот одговара за материјалните недостатоци на стоката/те што таа/ие ги имала/е во моментот на преминувањето на ризикот врз Купувачот, без оглед дали тоа му

било познато.

Продавачот одговара и за оние материјални недостатоци што ќе се појават по преминувањето на ризикот врз Купувачот ако се последица од причина што постоела пред тоа.

Незначителниот материјален недостаток не се зема предвид.

**Член 9**

Недостаток постои:

1) ако стоката/те ги нема потребните својства за нејзина редовна употреба или за промет;

2) ако стоката/те ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува Купувачот, а која му била позната на Продавачот или морала да му биде позната;

3) ако стоката/те ги нема својствата и одликите што се изречно или премолчно договорени, односно пропишани, и

4) Продавачот предал стока/и која не е соодветна на техничките спецификации прифатени од негова страна.

**Член 10**

Купувачот е должен применaта стока/и на вообичаен начин да ја прегледа или да ја даде на преглед, штом тоа според редовниот тек на работите е можно и за видливите недостатоци да го извести Продавачот во рок од осум дена.

Кога прегледот е извршен во присуство на двете страни, Купувачот е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на Продавачот веднаш, инаку го губи правото што му припаѓа врз таа основа.

**Член 11**

Кога по приемот на стоката/те од страна на Купувачот ќе се покаже дека стоката/те има некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениот преглед при нејзиното преземање (скриен недостаток), Купувачот е должен, под закана на губење на правото, за тој недостаток да го извести Продавачот во рок од осум дена, сметајќи од денот кога го открил недостатокот.

Продавачот не одговара за недостатоците што ќе се покажат откако ќе изминат шест месеци од предавањето на стоката/те.

**Член 12**

Купувачот не го губи правото да се повика на некој недостаток и кога не ја извршил својата обврска стоката/те да ја прегледа без одлагање, или обврската во определениот рок да го извести Продавачот за постоењето на недостатокот, како и кога недостатокот се покажал дури по истекот на шест месеци од предавањето на стоката/те, ако тој недостаток му бил познат на Продавачот или не можел да му остане непознат.

**Член 13**

Купувачот кој навремено и уредно го известил Продавачот за недостатокот може:

1) да бара од Продавачот да го отстрани недостатокот или да му предаде друга стока/и без недостаток (исполнување на договорот) и

2) да изјави дека го раскинува договорот.

Во секој од овие случаи Купувачот има право и на надомест на штетата. Покрај тоа и независно од тоа, Продавачот му одговара на Купувачот и за штетата што овој поради недостаток на стоката/те ја претрпел на другите свои добра и тоа според општите правила за одговорноста за штета.

**Член 14**

Купувачот може да го раскине договорот само ако претходно му оставил на Продавачот дополнителен примерен рок од 3/три/ дена за исполнување на договорот.

Купувачот може да го раскине договорот и без оставање на дополнителен рок ако

Продавачот, по известувањето за недостатоците, му соопштил дека нема да го исполни договорот, или ако од околностите на конкретниот случај очигледно произлегува дека Продавачот не ќе може да го исполни договорот ни во дополнителниот рок.

**Член 15**

Ако Продавачот во дополнителниот рок не го исполни договорот, тој се раскинува според самиот закон, но Купувачот може да го одржи ако без одлагање му изјави на Продавачот дека договорот го одржува во сила.

**Член 16**

Кога само дел од предадената стока/и има недостатоци, или кога е предаден само дел од предметот, односно помало количество од договореното, Купувачот може да го раскине договорот во смисла на претходните членови само во поглед на делот што има недостатоци, или само во поглед на делот или количеството што недостига.

Купувачот може да го раскине целиот договор само ако договореното количество или предадената стока сочинува целина, или ако Купувачот инаку има оправдан интерес да ја прими договорената стока или количество во целост.

**Член 17**

Раскинувањето на договорот поради недостаток на стоката/те произведува исти дејства како и раскинувањето на двостраните договори поради неисполнување.

Купувачот му должи на Продавачот надомест за користа од стоката/те и кога му е невозможно да го врати целиот или еден негов дел, а договорот е сепак раскинат.

***Решавање на спорови***

**Член 18**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

**Член 19**

Доколку евентуалните спорови не можат да се решат согласно со чл. 19 од овој Договор, истите ќе ги решава стварно и месно надлежен суд.

***Услови за прекинување или раскинување на договорот***

**Член 20**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 21**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе и остави примерен дополнителен рок од 3/три/ дена за исполнување на обврската.

Ако договорните страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.

**Член 22**

Купувачот може да го раскине договорот и без да му остави на Продавачот, дополнителен рок за исполнување ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**Член 23**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

**Член 24**

Кога во Договорот со последователни обврски (сукцесивна испорака), Продавачот не ќе ја исполни својата обврска од Договорот, Купувачот може во разумен рок, да го раскине Договорот во поглед на сите идни обврски, ако од дадените околности е очигледно дека и тие нема да бидат исполнети.

Купувачот може да го раскине договорот не само во поглед на идните обврски, туку и во поглед на веќе исполнетите обврски, ако нивното исполнување без изостанатите исполнувања не е од интерес за него.

**Член 25**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**Член 26**

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

**Член 27**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

Ако една страна го извршила договорот целосно или делумно има право да и се врати она што го дала.

Ако двете страни имаат право да бараат враќање на даденото, заемните враќања се вршат според правилата за извршувањето на двостраните договори.

Секоја страна и должи на другата надомест за користа што во меѓувреме ја имала од она што е должна да го врати, односно да го надомести.

Страната што враќа пари е должна да плати затезна камата од денот кога примила исплата.

**Член 28**

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било несправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности неможе да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска. Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Ако изрече раскинување на договорот судот, на барање од другата страна, ќе ја обврзе страната што барала раскинување да и надомести на другата страна справедлив дел од штетата што ја трпи поради тоа.

**Член 29**

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време.

***Времетраење на важноста на договорот***

**Член 30**

Времетраењето на важноста на овој Договор претставува времето кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој Договор ги имаат превземено договорните страни, но не повеќе од 1 /една/ година, сметано од денот на потпишувањето на истиот, односно од денот на склучувањето на истиот.

*[*вообичаено времетраење на договорот е времетраењето до конечно испораката на стоките или исцрпување на средствата утврдени за реализација на конкретниот договор*]*.

***Завршни и општи одредби***

**Член 31**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни, и се во согласност со Законот за јавните набавки.

**Член 32**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 4/четири/ примерока за Купувачот, а 2 /два/ примерока за Продавачот и стапува на сила по потпишувањето на истиот од двете договорни страни, односно со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| За Продавачот | за Купувачот |
| "Тренд Ком" ДООЕЛ Штип | Општина Кочани |
| Управител, | Градоначалник, |
| ________________ | ________________ |
| ( Ѓорѓи Трендафилов ) | ( Николчо Илијев ) |

Составен дел на овој договор е:

- листа на цени преземени од првична/конечна понуда поднесена преку ЕСЈН

***Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова***

***Контролирал: Раководител на Одделение за ИКТ и ГИС- Зоран Христов***

**Листа на цени за**

**Набавка на комјутерски потрошен материјал**

| Реден број | Опис на стоката | Единечна мерка | Количина | Единечна цена без ддв | Вкупна цена без ддв | Стапка на ддв 5%/18% |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | тастатура PS/2 multimedia | бр. | 2 | 80,00 | 160,00 | 5 |
| 2 | тастатура USB 2.0 multimedia | бр. | 5 | 400,00 | 2.000,00 | 5 |
| 3 | mouse PS/2 optical | бр. | 2 | 80,00 | 160,00 | 5 |
| 4 | mouse USB 2.0 optical | бр. | 10 | 270,00 | 2.700,00 | 5 |
| 5 | Wireless мрежна карта USB minimum 300 mbps 2,4 GHz (internal antenna) 802.11 b/g/n (или еквивалентно) | бр. | 2 | 620,00 | 1.240,00 | 18 |
| 6 | Мрежна карта PCI RJ 45 minimum 10/100/1000 Mbps (или еквивалентно) | бр. | 3 | 420,00 | 1.260,00 | 5 |
| 7 | UPS уред line interactive AVR with USB port (battery 12 V 1234 W x 2) minimum 1000 VA, 220 V | бр. | 3 | 5.400,00 | 16.200,00 | 18 |
| 8 | Оптички уред internal SATA DVDRW minimum 16X | бр. | 2 | 720,00 | 1.440,00 | 5 |
| 9 | FTP minimum CAT5e kabel (или еквивалентно) | м | 100 | 36,00 | 3.600,00 | 18 |
| 10 | Ethernet Switch nonmanageable minimum 8 port, minimum 10/100 MBps | бр. | 4 | 900,00 | 3.600,00 | 18 |
| 11 | CAT5e patch cable (minimum 5 m.) | бр. | 15 | 180,00 | 2.700,00 | 18 |
| 12 | Ethernet Switch manageable minimum 24 port, minimum 10/100/1000 MBps | бр. | 2 | 17.500,00 | 35.000,00 | 18 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 13 | Напојување за компјутер minimum 300 W active PFC | бр. | 4 | 1.500,00 | 6.000,00 | 18 |
| 14 | Hard disk 3,5 `` minimum 7200 rpm 1 TB SATA | бр. | 4 | 2.100,00 | 8.400,00 | 5 |
| 15 | USB кабел (Тип А) за принтер со должина minimum 50 cm | бр. | 4 | 48,00 | 192,00 | 18 |
| 16 | Приклучоци RJ 45 shield (FTP conector) (или еквивалентно) | бр. | 50 | 9,00 | 450,00 | 18 |
| 17 | Клешта (crimping tool (RJ45)) | бр. | 1 | 240,00 | 240,00 | 18 |
| 18 | Напојување за компјутер ATX power supply minimum 400W | бр. | 4 | 780,00 | 3.120,00 | 18 |
| 19 | VGA minimum 1 GB/PCI Express | бр. | 2 | 2.150,00 | 4.300,00 | 5 |
| 20 | USB 2.0 FLASH memorija minimum 16 GB | бр. | 10 | 380,00 | 3.800,00 | 18 |
| 21 | SD card minimum 16 GB | бр. | 2 | 200,00 | 400,00 | 18 |
| 22 | HDD SAS minimum 72 GB 2,5" SERVER hotswapable | бр. | 1 | 1.100,00 | 1.100,00 | 18 |
| 23 | External HDD minimum 500GB 2,5" | бр. | 3 | 3.300,00 | 9.900,00 | 5 |
| 24 | External HDD minimum 2 TB 3,5" | бр. | 2 | 4.600,00 | 9.200,00 | 5 |
| 25 | SSD HDD internal minimum 512 GB | бр. | 4 | 3.800,00 | 15.200,00 | 5 |
| 26 | WIFI 2,4 GHz LAN port 4 x RJ45 router, WAN port 1 x RJ45 | бр. | 4 | 780,00 | 3.120,00 | 18 |
| 27 | RFID card code:64bit RF:125KHz | бр. | 100 | 36,00 | 3.600,00 | 18 |
| 28 | KVM USB kabel so dolzina minimum 3 m. | бр. | 3 | 95,00 | 285,00 | 18 |
| 29 | ADAPTER Printer server parallel | бр. | 1 | 400,00 | 400,00 | 18 |
| 30 | ADAPTER Printer server USB | бр. | 1 | 400,00 | 400,00 | 18 |
| 31 | USB 2.0 FLASH memorija minimum 32 GB | бр. | 3 | 380,00 | 1.140,00 | 18 |
| 32 | SD CARD minimum 32 GB | бр. | 2 | 420,00 | 840,00 | 18 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 33 | SATA HDD internal minimum 5400 rpm 500 GB 2,5" | бр. | 2 | 2.160,00 | 4.320,00 | 5 |
| Оригинални кертрици | | | | | | |
| 34 | Kertridz za ploter HP T 520 36n (crna) (или еквивалентно) | бр. | 6 | 780,00 | 4.680,00 | 18 |
| 35 | Kertridz za ploter HP T 520 36n (sina) (или еквивалентно) | бр | 6 | 780,00 | 4.680,00 | 18 |
| 36 | Kertridz za ploter HP T 520 36n (crvena) (или еквивалентно) | бр | 6 | 780,00 | 4.680,00 | 18 |
| 37 | Kertridz za ploter HP T 520 36n (zolta) (или еквивалентно) | бр | 6 | 780,00 | 4.680,00 | 18 |
| 38 | Kertridzi za HP DeskJet 9800 (black) (или еквивалентно) | бр | 6 | 540,00 | 3.240,00 | 18 |
| 39 | Kertridzi za HP DeskJet 9800 (colour) (или еквивалентно) | бр | 6 | 600,00 | 3.600,00 | 18 |
| Оригинални или компатибилни тонери | | | | | | |
| 40 | ribon za iglicen printer EPSON LQ 2090 (или еквивалентно) | бр. | 2 | 120,00 | 240,00 | 18 |
| 41 | Toner za HP M1212nf MFP (или еквивалентно) | бр. | 6 | 340,00 | 2.040,00 | 18 |
| 42 | Toner za laserski printer HP LJ 1010 / 1020(или еквивалентно) | бр. | 2 | 360,00 | 720,00 | 18 |
| 43 | Toner za HP 1536 (или еквивалентно) | бр. | 20 | 480,00 | 9.600,00 | 18 |
| 44 | Toner za HP 2055n (или еквивалентно) | бр. | 50 | 650,00 | 32.500,00 | 18 |
| 45 | Toner za HP M 401 dn (или еквивалентно) | бр. | 30 | 650,00 | 19.500,00 | 18 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 46 | Toner za HP CP5225n (black) (или еквивалентно) | бр. | 6 | 1.050,00 | 6.300,00 | 18 |
| 47 | Toner za HP CP5225n (magenda) (или еквивалентно) | бр. | 6 | 1.050,00 | 6.300,00 | 18 |
| 48 | Toner za HP CP5225n (yellow) (или еквивалентно) | бр. | 6 | 1.050,00 | 6.300,00 | 18 |
| 49 | Toner za HP CP5225n (cyan) (или еквивалентно) | бр. | 6 | 1.050,00 | 6.300,00 | 18 |
| 50 | Toner za HP 477 (black) (или еквивалентно) | бр. | 14 | 1.020,00 | 14.280,00 | 18 |
| 56 | Toner za HP 477 (magenda) (или еквивалентно) | бр. | 14 | 1.020,00 | 14.280,00 | 18 |
| 57 | Toner za HP 477 (cyan) (или еквивалентно) | бр. | 14 | 1.020,00 | 14.280,00 | 18 |
| 58 | Toner za HP 477 (yellow) (или еквивалентно) | бр. | 14 | 1.020,00 | 14.280,00 | 18 |
| 59 | Toner za HP 225dn (или еквивалентно) | бр. | 30 | 420,00 | 12.600,00 | 18 |
| 60 | Toner za HP 227dn (или еквивалентно) | бр. | 30 | 1.260,00 | 37.800,00 | 18 |
| | | | | ВКУПНА ЦЕНА БЕЗ ДДВ | **369.347,00** | |

За Продавачот
"Тренд Ком" ДООЕЛ Штип
Управител,

( Ѓорѓи Трендафилов )

за Купувачот
Општина Кочани
Градоначалник,

( Николчо Илијев )

***Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова***
***Контролирал: Раководител на Одделение за ИКТ и ГИС- Зоран Христов***